РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
MQS Partner of Quality Austria
Бр. ________
________ год.

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во ситуација кога за в.д. директор на Фонд именувано е лице од страна на Владата на РСМ, а од друга страна во истата институција вработено е негово блиско лице (сопруга) од 02.04.2015 година на работно место раководител на одделението за јавни набавки.

Имено, дали постои потенцијален судир на интереси при вршење на јавните овластувања и надлежности на двете работни места и дали постои законска пречка раководителот на одделението за јавни набавки да биде прераспределено на друго раководно место од нивото Б02– раководител на одделение.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издаде следново:

**МИСЛЕЊЕ**

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **не постои судир на интереси**.

Државната комисија укажува на тоа дека како именувано лице понатаму во своето постапување и извршување на јавните овластувања и должности, потребно е да ги почитува одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:

**Член 72**

**(1)** Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

**(2)** Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

**Член 73**

**(1)** Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

**(2)** Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

**(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.**

**Член 75**

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Имено, согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластување и должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**